**Народна банка на Република Македонија**

# ПОЛИТИКА
# ЗА НАДЗОР НА ПЛАТНИТЕ СИСТЕМИ

април 2017 година

Врз основа на член 47 став 1 точка 3, а согласно член 7 став 1 точка 8 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ПОЛИТИКА
# ЗА НАДЗОР НА ПЛАТНИТЕ СИСТЕМИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа политика се уредуваат основните цели, принципите за ефективен надзор, опфатот на надзорот, правата и овластувањата, процедурите, стандардите и методите за работа, како и известувањето и транспарентноста при вршењето надзор на платните системи од Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка).

## II. ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА НАДЗОРОТ

2. Надзорот на платните системи е насочен кон остварување на две основни цели:

   - стабилно, сигурно и ефикасно работење на платните системи за сите учесници и корисници;
   - одржување стабилен финансиски систем преку контрола и минимизирање на ризикот на пренос на нарушувањата коишто можат да настанат кај платните системи.

3. Постигнувањето на целите од точка 2 од оваа политика се остварува преку следење на работата на платните системи, проценување на усогласеноста на платните системи со пропишаните стандарди и преземање мерки за отстранување на евентуалните неправилности во функционирањето на платните системи.

## III. ПРИНЦИПИ ЗА ЕФЕКТИВЕН НАДЗОР

4. Задолжените работници за вршење надзор се независни и објективни во извршувањето на своите активности на начин што:

   - не се вклучуваат во оперативните активности поврзани со функционирањето на платен систем управуван од Народната банка; и
   - ги применуваат истите критериуми и стандарди за надзор, без разлика дали предмет на надзор е платен систем каде што оператор е Народната банка или друг оператор, со цел да се постигне конзистентност и еднаков третман во примената на стандардите за платните системи во земјата.

## IV. ОПФАТ НА НАДЗОРОТ

5. Надзорот се врши на операторите на платните системи во Република Македонија.

Доколку работата на платниот систем е поврзана со работата на друг вид субјект од инфраструктурата на финансиски пазари, Народната банка може да врши надзор во соработка со надзорниот орган којшто врши надзор за тој вид на субјект согласно со точка 7.

6. Доколку нарушувањата кај платен систем лоциран во странство имаат директно негативно влијание врз стабилноста и ефикасноста на платниот систем во Република Македонија, Народната банка може да учествува во меѓународен кооперативен надзор согласно со точка 7.

7. Народната банка може да склучи меморандуми и друг вид акти во писмена форма, доколку има потреба да се спроведе надзор во соработка со други субјекти за надзор од земјата и/или од странство.

## V. ПРАВА И ОВЛАСТУВАЊА

8. Надзорот на платните системи го врши Дирекцијата за платни системи (во натамошниот текст: Дирекцијата за ПС) во Народната банка.

9. Задолжените работници за вршење надзор, при вршење на надзорот имаат право:

   - на пристап до сите информации и документи кај операторот на платниот систем којшто е предмет на надзор, како и пристап до просториите во кои операторот ја извршува својата дејност, без разлика дали платниот систем е во сопственост на Народната банка или на друго правно лице;
   - да побараат дополнителни информации, одговори на прашањата поврзани со вршењето на надзорот и неопходна асистенција од вработените во организациската единица или организациските единици коишто спроведуваат активности поврзани со функционирањето на платниот систем, коишто треба да се достават во разумен рок;
   - на директен пристап до гувернерот со цел да го информираат за случаите на непочитување на одредбите од претходните алинеи.

10. Заради зачувување на независноста во работењето, задолжените работници за вршење надзор не смеат при извршувањето на работните задачи да се доведат во ситуација на можен судир на интереси помеѓу одговорноста којашто ја имаат во вршењето на надзорот на платните системи и одговорноста којашто произлегува од вршењето на нивните останати работни задачи.

## VI. ПРОЦЕДУРИ ЗА НАДЗОР

11. Врз основа на правната регулатива и Рамката за обелоденување и Методологијата за проценка на Комитетот за системите за плаќање и порамнување при Банката за меѓународно порамнување и Одборот на меѓународната организација на комисиите за хартии од вредност, Дирекцијата за ПС изготвува прирачник и процедура за надзор со кои се дефинираат активностите, одговорните лица задолжени за активностите и се дава опис на секоја активност, поодделно, во согласност со важечките законски прописи.

## VII. СЛЕДЕЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ И МЕТОДИ НА НАДЗОР

12. Дирекцијата за ПС ги следи меѓународно прифатените стандарди за работа на платните системи и дава предлози за нивна примена во регулативата за надзор на платните системи во земјата.

13. Дирекцијата за ПС во своето работење користи посредни или непосредни методи на надзор согласно со регулативата за надзор со коишто собира релевантни информации за работењето на платните системи коишто се темелат на:

    - јавно достапни информации за нивната поставеност и карактеристики;
    - официјалната документација (системски правила, документацијата за учество во платниот систем, планови за непрекинатост во работењето, процедури за деловните процеси, процени на ризиците во работењето и други статични информации за начинот на работење на системот);
    - редовно или „ad hoc" известување за работењето на платниот систем;
    - самопроцени на усогласеност со пропишаните стандарди од страна на Народната банка;
    - билатерални средби со учесниците и операторот на платниот систем;
    - надзор кај операторот на платниот систем;
    - стручно правно мислење и наоди од внатрешни и надворешни ревизори;
    - информации од други органи во рамки на нивните надлежности;
    - повратни информации од учесниците во платни системи.

14. Врз основа на прибраните информации, Дирекцијата за ПС прави процена на усогласеноста на работењето на платните системи со пропишаните стандарди за работа и ако е потребно, предлага писмени препораки во согласност со закон за отстранување на евентуалните неусогласености.

## VIII. ИЗВЕСТУВАЊЕ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

15. Дирекцијата за ПС изготвува годишен извештај за резултатите од спроведените непосредни и посредни надзори на платните системи од претходната година, како и следење на спроведувањето на препораките од наодите, којшто се поднесува до Советот на Народната банка на Република Македонија.

    Резиме од годишниот извештај за спроведениот надзор, коешто не содржи класифицирани информации за платните системи, се објавува во годишниот извештај на Народната банка на Република Македонија, со што се овозможува транспарентност во делот на надзорната функција.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

16. Гувернерот на Народната банка може да донесе акти за спроведување на оваа политика.

17. Првиот годишен извештај од точка 15 став 1 од оваа политика ќе се поднесе во 2018 година.

18. Политиката за надзор на платните системи влегува во сила на денот на донесувањето.

П.Бр.02-15/III-1/2017

27 април 2017

Скопје

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**Димитар Богов**